# WAYS OF FINDING OUT ABOUT EXISTENCE OF CRIMINALITY RELATED TO DRUG ABUSE

**Biljana Bogdanova-Smilevska**
biljana.bsmilevska@gmail.com

**Abstract**: The discovery process for drug-related criminality starts with the act of finding out about this type of criminality. Discovery means searching for the truth about the criminal event and its perpetrator, whereby the criminal event can point to possibly committed crime, and its perpetrator of an eventual offender but it does not exclude the possibility of being considered as an accident. There are different ways of learning about this type of criminality, with special emphasis on cooperation with citizens. Citizens occupy a central place in the process of finding out and collecting information about criminal acts related to drug abuse and should deepen and foster co-operation between citizens and the police, and to emphasize the role of the police as a service to the citizens. The most common information coming to the police officers are informations about the perpetrator of a crime related to drug abuse, for consumers, the most frequent drug-consuming sites, for the preparation or for a committed criminal offense of this kind.
**Keywords**: drug abuse, charges, criminality, ways.

# НАЧИНИ НА ДОЗНАВАЊЕ ЗА ПОСТОЕЊЕ НА КРИМИНАЛИТЕТОТ ПОВРЗАН СО ЗЛОУПОТРЕБА НА ДРОГА

Билјана Богданова-Смилевска
biljana.bsmilevska@gmail.com

**Резиме:** Откривачкиот процес за криминалитетот поврзан со злоупотреба со дрога започнува со чинот на дознавање за постоење на овој вид на криминалитет. Откривањето значи трагање кон вистината за кривичниот настан и неговиот предизвикувач, при што кривичниот настан може да укаже на евентуално сторено кривично дело, а неговиот презвикувач на евентуален сторител на кривичното дело, но не се исклучува можноста да се работи и за несреќен случај. Постојат различни начини за дознавање за овој вид на криминалитет, при што посебен акцент треба да се стави на соработката со граѓани. Граѓаните заземаат централно место во процесот на дознавање и собирање на информации за кривичните дела поврзани со злоупотреба со дрога и треба да се продлабочува и негува соработката меѓу граѓаните и полицијата и да се потенцира улогата на полицијата како сервис на граѓаните. Најчести информации кои доаѓаат до полициските службеници се информации за сторител на кривично дело поврзано со злоупотреба на дрога, за консуматори, најчести локации каде се консумира дрога, за подготвување или за веќе извршено кривичнодело од овој вид.
**Клучни зборови**: злоупотреба на дрога, пријава, криминалитет, начини.

## 1. ВОВЕД

Постојат повеќе начини на дознавање за постоење на одредено кривично дело поврзано со злоупотреба на дрога. Начините на дознавање за криминалитетот поврзан со злоупотреба на дрога не се разликуваат на од начините на дознавање за постоење на другите видови кривични дела. [425]

Најчести начини на дознавање за постоење на кривичните дела поврзани со злоупотреба со дрога се: соработка со граѓани, пријава од претпријатија и установи, пријава од сведок, пријава од инспекциски и други служби, кривична пријава од органите за внатрешни работи, анонимна и псевдонимна пријава, самопријава, јавно озборување, дознавање од весници и други мас–медиуми, користење на легални извори, информатори, полициски инфилтратори, непосредно забележување на органите за внатрешни работи при вршење оперативна контрола, свеж чин, при преземање на оперативно-тактички мерки и истражни дејствија и други начини.

[425] Пошироко за начини на дознавање за постоење на кривични дела види: Ангелески, М.,*Вовед во криминалистика*, Графос-Куманово, Скопје, 2007, стр. 241-252

**2. СОРАБОТКА СО ГРАЃАНИ**

Соработката со граѓаните претставува значаен извор за добивање на информации. Граѓаните секојдневно се во контакт со многу извори на информации. Понекогаш случајно, некогаш намерно до нив стигнуваат голем број информации, како на работното место, во слободно време и сл. Ниту една информација добиена од граѓаните не треба да се занемари, туку треба детално се провери и анализира, бидејќи аналитичкиот пристап кон секоја информација може да ја направи вредна, односно корисна и да ја вметне во мозаикот за откривање и докажување на криминалитетот поврзан со злоупотреба со дрога.

Соработката со граѓани како метод и средство за спроведување на криминалистичката контрола се поврзува со извршување на задачите на органите за внатрешни работи во следниов правец:[426]

- превенција;
- извршување репресивни задачи;
- контрола на професионални сторители на кривични дела.

Најчесто граѓаните даваат информации за консумери на дрога кои непосредно се забележани како консумираат дрога. Граѓаните до органите за внатрешни работи можат да доставаат информации за место на уживање на дрога и тоа најчесто тоа се граѓани кои забележале вакво однесување во својата зграда или близу во соседството. Многу често од граѓаните се пријавуваат училишните дворови како места за консумирање на дрога, промена на однесување на одредени поединци-консуматори на дрога, исчезнување на вредни предмети од дома кои ги поврзуваат со променливото однесување на своите деца или некој од соседството. Граѓаните исто така можат да забележат и поединци како нудат на продажба дрога и сл.

Значи морална и законска обврска на граѓаните е да им помогнат на полициските службеници и да пријавуваат кривичните дела доколку се сведоци на истите или на било кој друг начин дознаваат за нив. Граѓаните се во ситуација да ги забележат сите кривични дела кои ја сочинуваат „палетата“ на криминалитетот поврзан со злоупотреба со дрога. Затоа односот полиција-граѓани треба да се негува и подобрува, што е можно повеќе полицијата да се доближи до јавноста и да се укаже на потребата дека соработката со граѓаните е клучниот фактор во борбата против криминалот воопшто.

**3. СОБИРАЊЕ ИЗВЕСТУВАЊА**

Собирање известувања од граѓани претставува значаен начин на дознавање за постоење на криминалитетот поврзан со злоупотреба на дрога и го реализираат оперативните работници заради добивање информации за лица кои се занимаваат со овој вид на криминалитет. Собирањето на известувања бара детален аналитички пристап при избор на граѓаните од кои ќе се прибираат потребните известувања. Исто така треба да се прават верзии кои граѓани би биле најсоодветни за давање информации во зависност од некои нивни карактеристики (место на живеење, контакти со консумери на дрога и сл.). Кога станува збор за криминалитетот поврзан со злоупотреба со дрога, се собираат известувања за:

- консумери на дрога;
- начин на консумирање на опојна дрога:
- места на консумирање на опојната дрога;
- места на кои се нуди на продажба, се продава, купува или на друг начин неовластено се става во промет опојната дрога;
- места каде се произведува дрогата;
- места каде илегално се преработува опојната дрога;
- лица кои се нудат на продажба или посредуваат во продажба на опојна дрога;
- лица кои овозможуваат простории за уживање на опојна дрога;
- лица кои организирано и професионално се занимаваат со криминалитетот поврзан со злоупотреба на дрога;
- начини и канали на криумчарење на дрога;
- видови на опојни дроги кои се криумчарат;
- такси служби инволвирани во продажба и транспорт на опојна дрога и др.

**4. ПРИЈАВА ОД ПРАВНИ СУБЈЕКТИ**

[426] Папеш, Д., Павлек**, И.,** *Како се проводи криминалистичка контрола*, Савезни секретаријат за унутрашње послове, Београд, 1973, стр.23

Пријавата од правни субјекти како начин на дознавање за постоење на криминалитетот поврзан со злоупотреба на дрога е многу значаен. Сите државни органи, претпријатија, установи, организации и сл. се должни да пријават кривични дела кои се гонат по службена должност за кои се известени или дознале на друг начин. Должноста за пријавување на кривичните дела кои се гонат по службена должност од страна на државните органи, претпријатија и установи бара должност и за доставување информации за кривичното дело и неговиот сторител.[427] Затоа органите за внатрешни работи мора секојдневно да остваруваат контакти со многу претпријатија и установи, бидејќи можат да добијат значајни информации за криумчарење и илегална трговија со дрога.

Најчесто органите за внатрешни работи стапуваат во контакт со хотелско-туристички претпријатија, каде што може да се откријат места за консумирање на дрога, дестинации за криумчарење на дрога, места на продажба на дрога и сл. Органите за внатрешни работи остваруваат контакт и со болници, аптеки, центри за зависници, аеродроми, бензиски пумпи, пошти, менувачници, училишта, такси службите и многу други установи и претпријатија од кои можат да се добијат корисни информации за криминалитетот поврзан со злоупотреба на дрога. Царинските служби се значаен арсенал на информации за криумчарење на дрога, за начин на сокривање, вид на транспортно средство со кое се пренесува дрогата и сл. Сите претпријатија и установи на некој начин можат да дојдат до информации поврзани со криминалитетот поврзан со злоупотреба на дрога, понекогаш како места на уживање, места на продажба, сомнителни лица чие присуство е често забележано и сл. и затоа е потребно благовремено пријавување на овие кривични дела.

## 5. ПРИЈАВА ОД СВЕДОК

Пријавата од сведок е многу редок начин на дознавање за постоење на криминалитетот поврзан со злоупотреба на дрога.

Најчесто пријавите од сведок се поднесуваат од лице кое случајно било сведок на продажба на дрога и тоа најчесто за продажба на „мало“. Исто така тоа може да биде лице консуматор на дрога при што иако ретко, може да пријави консумери на дрога, места каде дрогата се ужива, продава или произведува, се пријавуваат и транспортни средства во кои се пренесува дрогата и сл.

Мотивите за пријавување кај овие лица можат да бидат различни и тоа најчесто за да се одвлече вниманието на полицијата, заради сопствена заштита, заради остварување на близок контакт со полицијата, да се наштети на други лица и сл. Поради различните мотиви за поднесување на пријава од страна на сведок, наведените факти во пријавата треба детално да се проверат со дополнителни оперативно-тактички и технички мерки и дејствија.

## 6. ПРИЈАВА ОД ИНСПЕКЦИСКИ И ДРУГИ СЛУЖБИ

Пријавата од инспекциските и другите служби, како што се санитарната, пазарната, градежната и др. претставува исто така начин на дознавање за постоење на кривични дела од обласста на криминалитетот поврзан со злоупотреба на дрога. При остварување на секојдневните активности инспекциските служби можат да забележат криминално однесување поврзано со злоупотреба на дрога. Тоа може да биде продажба на дрога, уживање на дрога при контрола на објекти  и сл. Неопходна е соработка помеѓу органите за внатрешни работи и инспекциските служби и на превентивен и репресивен план. Особено значајна е меѓусебната размена на информации. Органите за внатрешни работи имаат можност да ги насочат инспекциските служби на она подрачје за кое сметаат дека во дадената ситуација е најзагрозено и е потребен надзор од инспекциски органи.[428]

## 7. АНОНИМНА ИЛИ ПСЕВДОНИМНА ПРИЈАВА

Анонимната или псевдонимната пријава можат да бидат начин на дознавање за постоење на криминалитетот поврзан со злоупотреба на дрога. Содржината на ваквите пријави треба детално да се провери и во предвид да се земе лажна или измислена содржина.

---

[427] Periќ В.**,** *Како се прикупљају и проверавају обавештења о кривичним дјелима за која се гони по службеној дужности*, Савезни секретаријат за унутрашње послове, Београд, 1973, стр.92

[428] Печар, Ј.**,** *Превентивна делатност органа унутрашњих послова:средства и методи,* Савезни секретаријат за унутрашње послове, Београд, 1973, стр. 131

Подносителот на псевдонимната или анонимната пријава најчесто не сака да биде познат на полицијата или многу често сака себе си да се заштити, бидејќи може да биде изложен на опасност од страна на лицето против кое ја поднел пријавата. Во анонимните или псевдонимните пријави, најчесто се пријавуваа modus operandi на дилерите, вклучувјќи го транспортот, места каде се врши продажба на дрога, информации за консуматори и многу други информации поврзани со криминалитетот поврзан со злоупотреба на дрога.

Кога станува збор за нарко-криминалитетот анонимната или псевдонимната пријава доколку е со вистинита содржина има големо значење и во тој случај, поднеситолот сокривајќи го својот идентитет сака да се заштити себе си и своите најблиски.

Мотивите за поднесување на анонимна или псевдонимна пријава можат да бидат различни: завист, освета на дилер заради купување на дрога на консумерот од друг дилер на дрога и др.

По добиената анонимана или псевдонимна пријава, органите за внатрешни работи треба да извршат проверка и во вид да ги имаат содржината, мотивите и другите околности за пријавениот случај.

## 8. САМОПРИЈАВА

Самопријавата претставува еден од најретките начини за дознавање на постоење на криминалитетот поврзан со злоупотреба на дрога.

Најчесто подносители се лица кои биле на некој начин принудени да извршат одредено кривично дело поврзано со злоупотреба на дрога, како и лица кои ја сфатиле својата грешка за извршеното дело, лица кои го вршеле транспортот на дрогата и сл. Многу често пријавителот и не е свесен дека е инволвиран во криминалитетот поврзан со злоупотреба на дрога и кога ќе сфати се покајува и сам се пријавува. Значи пријавители се случајните и небрежните сторители.

Понекогаш како пријавители се јавуваат и лица кои се свесни дека ќе бидат откриени за извршено кривично дело со цел да укажат на доброволноста и искреноста во поднесување на пријавата или да заштитат некого (блиски лица).

Често се случува самопријавувањето да се однесува на прикривање на некое потешко дело, при што сторителот се пријавува како сторител на полесно дело, додека зад себе на пример, може да прикрие криминална организација или голема количина на дрога која се транспортира на определена релација.

Кога станува збор за самопријавувањето секогаш во вид треба да се имаат душевно болните лица кои поднесуваат лажни пријави.

## 9. ЈАВНО ОЗБОРУВАЊЕ

Јавното озборување исто така претставува еден од начините за дознавање на постоење на криминалитетот поврзани со злоупотреба на дрога. За да се стигне до точна информација треба да се има аналитички пристап, бидејќи преку јавното озборување информација претрпува многу измени, измислени факти, преувеличување на работите и сл. Изворот на информација не е познат и се работи за голем број на луѓе кои информацијата ја пренесуваат и ја толкуваат на свој начин. Затоа е многу тешко да се открие вистинската информација, а тоа се прави преку информативен разговор поединечно со сите граѓани, пренесувачи на информацијата што бара многу време за разговор за да можат да се разјаснат сите факти.

Најчести информации кои се добиваат по пат на јавно озборување се група на лица-консумери на дрога, места каде најчесто колективно се ужива дрогата (најчесто се работи за станови под наем или запуштени куќи и сл.), дилери на дрога, инволвирани такси возила за транспорт на дрога и сл.

## 10. ДОЗНАВАЊЕ ОД ВЕСНИЦИ И ДРУГИ МАС МЕДИУМИ

Весниците и другите мас медиуми се значаен начин за дознавање на постоење на криминалитетот поврзан со злоупотреба на дрога. Многу често во весниците се презентираат информации за производство, преработка или криумчарење со дрога и се изнесуваат факти кои не секогаш се познати за полицијата, а можат да бидат од големо значење. Потребно е систематско следење и детална проверка на сите информации.

Многу често телевизиите прикажуваат места кои се користат за консимирање на дрога, каде се прикажува остатоци од приборот за консумирање на дрога (шприцеви, игли, фолии и сл.). Тоа најчесто се запуштени магацини, објекти кои се во државна сопственост, но се запуштени и оштетени. Ваквите места претставуваат дувла на нарко-зависниците и нивното публикување во јавноста може да биде начин да се принудат надлежните да превземат соодветни мерки.

Емитувањето на разни документарни емисии и филмови за недозволена трговија со дрога е многу значаен начин да се запознаеме со странските искуства во откривање на овој вид на криминалитет, како и за modus operandi на овој криминалитет.

Мас медиумите како средство за масовно информирање честопати презентираат резултати од спроведени истражувања и анкети од страна на невладини организации, при што таквите информации можат да бидат значајни за полицијата, како начин на дознавање за извршено кривично дело поврзано со злоупотреба на дрога кое дотогаш не било познато на полицијата, modus operandi на извршување и други информации кои доколку се следат и детално се анализираат може да имаат големо значење за потребите на полицијата во спречување на криминалитетот поврзан со злоупотреба на дрога.

Во весниците и на телевизиите се објавуваат огласи и се нудат добра и услуги кои можат да имаат скриена позадина. Многу често се бараат заинтересирани лица да работат како возачи на различни релации и на тој начин да бидат инволвирани во нарко-бизнисот.

## 11. КОРИСТЕЊЕ НА „ ЛЕГАЛНИ ИЗВОРИ"

„Легалните извори" како начин за дознавање на постоење на криминалитетот поврзан со злоупотреба на дрога претставува многу значаен извор на информации. Се работи за факти одбележани во разни евиденции, картотеки, регистри или прегледи, деловни книги и други видови документација кои во секојдневното работење ги водат државните органи, претпријатија и установи.[429] Во ваквите евиденции се внесуваат факти, односно ситуации со кои е регистрирана трага за постоење на одредено кривично дело, како и неговата материјална последица, неговото прикривање или било каков друг сооднос. Преку користење на „легалните извори" може да се добијат многу информации за консумери на дрога, недозволена трговија со дрога, за лица вклучени во транспорт на дрога и сл.

Државните органи, установите и претпријатијата водат документации од кои можат да се дојде до сознание за лица кои се занимаваат со недозволена трговија со дрога.

Така на пример, преку евиденциите на царинските служби може да се дојде до сознание за лица кои се откриени на граничен премин при обид да криумчарат дрога, на кој начин се обиделе да ја криумчарат, со какво транспортно средство се пренесувала дрогата, од која дестинација доаѓа и за кој пазар е наменета и сл.

Преку документацијата на поштенските служби може да се дојде до сознание за пратки во кои се пренесува дрога, како и кој е испраќачот и примачот на пратката, колку често таквите пратки се праќаат и сл.

Преку евиденциите на здравствените установи и аптеките може да се дојде до информации за консумери на дрога, лица кои често и неосновано препишуваат опојна дрога како лек, да се откријат фалсификувани рецепти и лицата кои се подносители на истите и др., бидејќи лекарите и аптекарите ги познаваат консумерите на дрога кои често бараат дрога или прибор за консумирање на истата.

Преку евиденциите на туристичките и угостителските објекти може да се добијат информации за одредени лица кои се инволвирани во продажба на дрога, особено кога се работи за туристичка сезона.

Значи користењето на „легалните извори" претставува еден од поцврстите, посигурните начини за дознавање на постоење на кривични дела поврзани со злоупотреба со дрога, бидејќи се работи за документација, односно евиденции кои секојдневно ги водат државните органи и претпријатија.

## 12. ИНФОРМАТОРИ

Информаторот претставува еден од конспиративните извори на информации и претставува тајно доставување на информации за криминални случувања и делинквенти од страна на физичко лице на систематски, конспиративен и постојан начин начин. Информаторите како значаен извор за информации се значајни за добивање и на информации за криминалитетот поврзан со злоупотреба на дрога. Информаторите се регистрираат во евиденции во рамките на органите за внатрешни работи и се водат по броеви. Постојат повеќе поделби на информаторите според различни критериуми: временското ангажирање, моралниот лик на информаторот и др. Ако се имаат во предвид моралниот лик на информаторот, неговото минато и интегрираност во микро и макро средината, во посебна група спаѓаат:[430]

- информатор-чесен граѓанин;
- информатор-делинквент (вигилант);

[429] Ангелески, М., *Вовед во криминалистика,* Графос-Куманово, Скопје, 2007, стр. 250
[430] Ибид, стр.229

- информатор-паралелник.

Од особено значаење за криминалитетот поврзан со злоупотреба на дрога се информаторот-чесен граѓанин и вигилантот. Информаторот-чесен граѓанин доставува информации за одредени криминални активности и однесувања поврзани со злоупотреба на дрога, како што се производство, продажба, па и консумирање на дрога, локации кои често се посетувани од консумерите и претставуваат „наркомански дувла“ и други информации. Најчесто одраквите информатори се добиваат информации за насади на марихуана, за станови кои често се посетени од консуматори на дрога, за лица кои продават дрога, за места каде се врши продажба и сл.

Од големо значење за криминалитетот поврзан со злоупотреба со дрога се вигилантите кои претставуваат најголем арсенал на информации. Како вигиланти се јавуваат консуматори на дрога, препродавачи, а кога станува збор за нарко-криминалитетот вигиланти можат да бидат транспортерите, финансиерите и др. Вигилантите даваат многу информации бидејќи се во контакт со криминалната средина, но не секогаш информациите се веродостојни.

Користењето на вигилантите како извор на информации претставува голем ризик, бидејќи се работи за криминалци, односно лица кои се директно инволвирани во криминалното жариште, а не може со сигурност да се утврди валидноста на информација. Соработката со полицијата вигилантите често ја искористуваат во своја полза, за да можат да извршат кривично дело или да прикријат веќе извршено кривично дело. Тие секогаш бараат нешто за возврат. Во пракса се случучува, на пример регистриран уживател на дрога и дилер доколку е фатен со мала количина на дрога, на пр. еден џоинт, да му се опрости, а за сметка на тоа да каже од каде ја набавува дрогата или да „намести“ ситуација на продажба на дрога, каде најчесто ја кријат дрогата и сл. Многу често вигилантите даваат лажни или измислени информации, кажувајќи погрешно место каде ќе се изврши продажба на дрога или погрешно време, измислуваат лица консуматори на дрога. Меѓутоа понекогаш информаторите-вигиланти доставуваат информации кои можат да бидат од големо значење за откривање и спречување на криминалитетот поврзан со злоупотреба на дрога.

Сите добиени информации од вигилантите треба детално да се анализираат и да се проверат за да се утврди вистинитоста. Проверката на веродостојноста на информациите може да се изврши преку информатор-паралелник, кој може да биде информатор-чесен граѓанин или информатор-паралелник кој ќе ја провери информација и ќе го открие информаторите кои соработуваат со полицијата од една страна, а од друга страна со криминалната средина. Проверката на веродостојноста на информациите може да се изврши и со преземање на оперативно-тактички мерки и дејствија. Информаторите можат да остваруваат трајна соработка со полицијата или да се ангажираат во расветлување на конкретен случај.

Мотивите за соработка на информаторите со полиција за сузбивање и расветлување на криминалитетот поврзан со злоупотреба на дрога се различни: чесност, односно сфаќање на сериозноста и негативните последици од злоупотребата на дрога, завист, љубомора, материјален интерес, „прочистување на душата“ преку простување на извршени криминални активности да се ослободи од психолошкиот товар, патолошки мотиви и др. Љубомората, зависта и одмаздата како мотиви за соработка со полицијата особено е значајна за нарко-криминалитетот. Најчесто станува збор за информатори вигиланти кои сакаат одредени непожелни личности да ги исфрлат од нарко-бизнисот. Тоа може да бидат конкуренти или други лица кои на било кој начин го загрозуваат „нормалниот тек“ на нарко-бизнисот, лица кои се наоѓаат на дното на хиерархиската структура на нарко-криминалните организации и кои сакаат да им наштетат на учесниците во нарко-бизнисот од погорните скалила.

## 13. IN FLAGRANTI СИТУАЦИЈА- „СВЕЖ ЧИН“

In flagranti ситуацијата иако претставува мошне раритетен начин на дознавање за постоење на криминалитет, во пракса се случува, кога станува збор за криминалитетот поврзан со злоупотреба на дрога ваквиот начин на дознавање често да се примени.

При извршување на секојдневните активности органите за внатрешни работи често се наоѓаат во ситуација на лице место да бидат сведоци на извршување на кривични дела поврзани со злоупотреба на дрога. Се случуваат многу ситуации, пример, да се затекне дилерот на дрога во моментот на предавање на дрога или на земање пари. Во таква ситуации во најголем број случаи дилерот на дрога се оддава на бегство. Можна е и ситуација кога консуматор на дрога ќе биде изненаден од полицијата и дрогата (паковка) што ја носи во себе во истиот момент да ја отфрли или да ја голтне. Кај него може да се пронајдат и други паковки со дрога, прибор за консумирање и сл. Овој начин на дознавање за постоење на кривични дела поврзани со

злоупотреба на дрога многу често е присутен кога станува збор за поголеми „нарко-зделки“, на што претходи оперативна информација и цела низа на оперативно-тактички средства и методи.

## 14. ДРУГИ НАЧИНИ НА ДОЗНАВАЊЕ ЗА ПОСТОЕЊЕ НА КРИМИНАЛИТЕТОТ ПОВРЗАН СО ЗЛОУПОТРЕБА НА ДРОГА

Покрај горенаведените начини на дознавање за постоење на криминалитетот поврзан со злоупотреба со дрога постојат и други начини како што се примена на оперативно-тактички средства и методи и истражни дејствија, меѓународна соработка (Интерпол, Европол), при вршење оперативна контрола, користење на оперативни врски, патролирање, полициски инфилтратори и др.

## 15. ЗАКЛУЧОК

Процесот на откривање на криминалитетот поврзан со злоупотреба на дрога започнува со начините на дознавање за овој вид криминалитет. Од горespoменатите начини на дознавање за постоење на кривичните дела поврзани со злоупотреба на дрога може да се заклучи дека за кој начин на дознавање да се работи неопходна е соработката со граѓаните, без оглед на тоа во какво својство се наоѓаат. Граѓаните се најбогат извор на информации и директно или индиректно се најчест начин за дознавање на постоење на кривичните дела поврзани со злоупотреба со дрога. Во криминалистичкото работење треба да се почитуваат криминалистичките начела на постапување и секој начин на дознавање за постоење на овој вид на криминалитет треба детално да се провери и да се потврди заради усшешно водење на претходната постапка.

## ЛИТЕРАТУРА

[1] Ангелески, М., Вовед во криминалистика, Графос-Куманово, Скопје, стр. 241-252, 2007
[2] Папеш, Д., Павлек, И., Како се проводи криминалистичка контрола, Савезни секретаријат за унутрашње послове, Београд, стр.23, 1973
[3] Периќ В., Како се прикупљају и провераваjу обавештења о кривичним дјелима за која се гони по службеној дужности, Савезни секретаријат за унутрашње послове, Београд, , стр.92, 1973
[4] Печар, Ј., Превентивна делатност органа унутрашњих послова:средства и методи, Савезни секретаријат за унутрашње послове, Београд, , стр. 131, 1973